**ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СКОПЈЕ**
**NP UJËSJELLËS DHE KANALIZIME**

# П Р О Ц Е Д У Р А

**за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите**

# P R O C E D U R Ë

**për marrjen e raportimeve nga sinjalizuesit, ndarjen dhe përpunimin e të dhënave nga raportimet dhe sigurimin e mbrojtjes së të dhënave personale dhe të dhënave të tjera të sinjalizuesve**

**СКОПЈЕ, СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА**
**SHKUP, SHTATOR VITI 2021**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0202-8549/3
Дата, Data 30-09-2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје, а во врска со член 4 од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.196/15 и 35/18) и член 2 став 4 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.46/2016), Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација Скопје на седницата одржана на ден 30.09.2021 година ја донесе следната:

Në bazë të nenit 25 të Statutit të NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup dhe në lidhje me nenin 4 të Ligjit për mbrojtjen e sinjalizuesve (Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.196/15 dhe 35/18) dhe në nenin 2 paragrafi 4 të rregullores për raportim të brendshëm të mbrojtur në institucionet e sektorit publik („Gazeta zyrtare e Republikës se Maqedonisë së Veriut" nr.46/2016) Këshilli Drejtues i NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup në takimin e mbajtur më 30.09.2021 miratoi si më poshtë:

## П Р О Ц Е Д У Р А
## за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите

## P R O C E D U R Ë
## për marrjen e raportimeve nga sinjalizuesit, ndarjen dhe përpunimin e të dhënave nga raportimet dhe sigurimin e mbrojtjes së të dhënave personale dhe të dhënave të tjera të sinjalizuesve

Член 1

Со оваа процедура се уредува начинот и постапката за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање на мерки за обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите и пријави од укажувачите во ЈП Водовод и канализација Скопје.

Neni 1

Me këtë procedurë rregullohet mënyra dhe procedura për marrjen e raportimeve nga sinjalizuesit, ndarjen përpunimin e të dhënave nga raportimet dhe marrjen e masave për të siguruar mbrojtjen e të dhënave personale dhe të dhënave të tjera të sinjalizuesve dhe raportimet nga ana e sinjalizuesve në NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup .

Член 2

Укажувач може да биде :

- Лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во ЈП Водовод и канализација Скопје,
- Кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во ЈП Водовод и канализација Скопје,
- Лице волонтер или практикант во ЈП Водовод и канализација Скопје,
- Лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работи во ЈП Водовод и канализација Скопје,
- Лице кое по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со ЈП Водовод и канализација Скопје и
- Лице кое користи или користело услуги во претпријатието, односно правно лице во јавниот или приватниот сектор за каде пријавува.

Neni 2

Sinjalizues mund të jetë:

- Një person i cili ka qenë i punësuar për një kohë të pacaktuar ose të caktuar në NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup ,
- Kandidat për punësim, kandidat për vullnetar ose praktikant në NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup ,
- Person vullnetar ose praktikant në NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup,
- Person i cili mbi çfarëdo lloj baze është ose ka qenë i angazhuar për kryerjen e punëve në NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup.
- Person i cili mbi çfarëdo lloj baze është ose ka qenë në marrëdhënie biznesi ose marrëdhënie tjetër bashkëpunimi me NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup dhe
- Person i cili përfiton ose ka përfituar shërbime nga ndërmarrja, pra një person juridik në sektorin publik ose privat për të cilin raporton.

### Назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени заради заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување

### Emërimi i personit të autorizuar për marrjen e raportimeve nga sinjalizuesit e caktuar me qëllim raportimin e brendshëm dhe të jashtëm të mbrojtur

Член 3

Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје назначува овластено лице за прием на пријави од укажувачи за постапување по пријави доставени согласно закон, заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување (во понатамошниот текст „овластено лице“).

При назначување на овластеното лице Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје има обврска да ги запази критериумите пропишани со член 3 став 1 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор.

Член 4

Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје има обврска до Државната комисија за спречување на корупција да достави писмен допис со податоци за овластеното лице, пропишани со член 2 став 5 од Правилникот за заштитено пријавување во институциите од јавниот сектор и член 2 став 6 од Правилникот за заштитено надворешно пријавување.

Податоците за овластеното лице се објавуваат на веб страната на ЈП Водовод и канализација Скопје и се јавно достапни.

Член 5

Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје има обврска на овластеното лице да му обезбеди:

-независност и непреченост во работата,
-соодветни технички и организациски мерки за заштита на податоците од случајно или незаконско нивно уништување, случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од било какви незаконски облици на обработка,
-простор за работа соодветен за прием на странки,
-посебен компјутер обезбеден со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице и позната само нему, со интернет конекција и посебно електронско сандаче за електронска пошта обезбедено со единствено корисничко име и лозинка,
-посебен приемен штембил,
-посебен деловодник,
-посебно поштенско сандаче,
-посебна телефонска линија,
- документарен орман за обезбедено чување на сите документи, деловодникот и штембилот и

Neni 3

Drejtori i NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup emëron një person të autorizuar për të marrë raportimet nga sinjalizuesit për të vepruar sipas raportimeve të dorëzuara mbi bazë ligjore me qëllim të raportimit të brendshëm dhe të jashtëm të mbrojtur (në tekstin e më poshtë, „person i autorizuar“).

Gjatë emërimit të personit të autorizuar Drejtori i NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup ka për detyrë që të respektoj kriteret e parapara në nenin 3 paragraf 1 të Rregullores për raportimeve të brendshme të mbrojtura në institucionet e sektorit publik.

Neni 4

Drejtori i NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup ka për detyrë që tek Komisioni shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit të dorëzoj një karakteristikë me shkrim me të dhëna për personin e autorizuar, të parapara në nenin 2 paragraf 5 nga Rregullorja për raportime të mbrojtura në institucionet e sektorit publik dhe neni 2 paragraf 6 nga Rregullorja për raportime të jashtme të mbrojtura .

Të dhënat e personit të autorizuar publikohen në faqen e internetit të NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup dhe janë të disponoheshe publikisht .

Neni 5

Drejtori i NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup ka për detyrë që personit të autorizuar të siguroj :

- pavarësi dhe pandërprerë në punë,
- masat e duhura teknike dhe organizative për të mbrojtur të dhënat nga shkatërrimi i rastësishëm ose i paligjshëm të tyre, humbje e rastësishme, ndryshimi, zbulimi ose qasja jo e autorizuar, sidomos kur përpunimi përfshin transmetim të dhënash nëpërmjet një rrjeti dhe mbrojtje nga çfarëdo lloj formash të paligjshme të përpunimit
- hapësirë pune të përshtatshme për pranimin e klientëve ,
- kompjuter të veçantë i siguruar me një emër përdoruesi dhe fjalëkalim unik të krijuar nga personi i autorizuar dhe i njohur vetëm prej tij, me lidhje interneti dhe kuti postare elektronike të veçantë të pajisur me emër përdoruesi dhe fjalëkalim unik,
- vulë speciale për pranim ,
- regjistër special,
- kuti postare të veçantë,
- linjë telefonike të veçantë,
- dollap dokumentesh për ruajtjen e sigurt të gjithë dokumenteve, regjistrit dhe vulës dhe
- pajisje të tjera për zbatimin e masave tekniko-

- друга опрема за примена на техничко – организациски мерки за заштита на личните и други податоци, согласно прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицираните податоци.

Заради обезбедување на тајност и заштита на личните и други податоци кои се примаат и обработуваат од страна на овластено лице, Директорот согласно прописите за заштита на личните податоци и прописите за заштита на класифицирани информации, обезбедува и применува организациски мерки за заштита на податоците од случајно или незаконско нивно уништување или нивно трајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици на обработка.

organizative për mbrojtjen e të dhënave personale dhe të tjera në përputhje me rregullat për mbrojtjen e të dhënave personale dhe mbrojtjen nga të dhënat e klasifikuara.

Për të siguruar konfidencialitetin dhe mbrojtjen e të dhënave personale dhe të dhënave të tjera të cilat zbatohen për përpunimin nga ana personit të autorizuar Drejtori në përputhje me rregullat për mbrojtjen e të dhënave personale dhe rregullat për mbrojtjen e informacioneve të klasifikuara siguron dhe zbaton masa organizative për mbrojtjen e të dhënave nga masat e duhura teknike dhe organizative për të mbrojtur të dhënat nga shkatërrimi i rastësishëm ose i paligjshëm të tyre ,humbje e përhershme e tyre, ndryshimi, zbulimi ose qasja jo e autorizuar, sidomos kur përpunimi përfshin transmetim të dhënash nëpërmjet një rrjeti dhe mbrojtje nga çfarëdo lloj formash të paligjshme të përpunimit.

Член 6

Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје може да назначи повеќе овластени лица, со тоа што има обврска да определи кое од нив е одговорно за сумирање на податоците и за изготвување и доставување на полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи.

Neni 6

Drejtori i NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup mund të emëroj më shumë persona të autorizuar me qëllim që të përcaktoj cili nga ata është përgjegjës për përmbledhjen e të dhënave dhe për përgatitjen dhe dorëzimin e një raporti gjashtëmujor për raportimet e mara nga sinjalizuesit.

## Прием и постапување по пријави доставени заради заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување.

Член 7

Овластеното лице врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно или заштитено надворешно пријавување како и пријави до него доставени од овластено лице за прием на пријави од друга институција заради заштитено надворешно пријавување, согласно закон, поединечно или групно во писмена форма, доставени лично, преку посебно сандаче или преку електронско сандаче или усно на записник (во понатамошниот текст „пријава").

Во приемот и постапувањето по пријавите, овластеното лице е должно да постапува согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачите, Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор, Правилникот за заштитено надворешно пријавување и прописите на кои упатуваат одредбите на Законот за заштита на укажувачи и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

## Pranimi dhe veprimi sipas raportimeve të dorëzuara me qëllim të raportimit të mbrojtur të brendshëm dhe të jashtëm

Neni 7

Personi i autorizuar kryen marrjen e raportimeve të dorëzuara direkt tek tij nga sinjalizuesi për raportim të mbrojtur të brendshëm dhe të jashtëm si dhe raportime të paraqitura tek personi i autorizuar nga institucione të tjera me qëllim raportimin e mbrojtur të jashtëm në përputhje me ligjin, në veçanti ose në grup me shkrim, të dorëzuara personalisht, nëpërmjet kutisë së veçantë ose nëpërmjet kutisë elektronike ose me gojë në procesverbal (në tekstin e mëtejshëm „raportim").

Gjatë marrjes dhe veprimit sipas raportimeve personi i autorizuar është i detyruar të veproj sipas dispozitave ligjore nga Ligji për mbrojtjen e sinjalizuesve, Rregullorja për raportim të mbrojtur të brendshëm në institucionet e sektorit publik, Rregullorja për raportim të mbrojtur të jashtëm dhe rregullat të cilat janë përcaktuar në dispozitat e Ligjit për mbrojtjen e sinjalizuesve dhe aktet nënligjore që dalin prej tij.

Член 8

Во текот на приемот на пријавата, односно при првата комуникација кога тоа е можно овластеното лице е должно да го извести укажувачот дека неговиот идентитет може да биде откриен на надлежниот орган, ако без откривање на идентитетот не би било можно да се постапува пред тие органи, како и да го извести за мерките за заштита на учесникот во кривичната постапка.

По приемот на пријавата во хартиена форма истата веднаш се заведува во посебниот деловодник и се става приемен штембил.

Деловодникот наведен во став 2 на овој член, се пополнува согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење, а штембилот се употребува и чува согласно прописите за архивско и канцелариско работење.

Neni 8

Gjatë marrjes së raportimit, pra gjatë komunikimit të parë kur jepet mundësia personi i autorizuar është i detyruar që ta njoftoj sinjalizuesin se identiteti i tij mund të zbulohet nga organi kompetent nëqoftëse pa zbuluar identitetin nuk do të ishte e mundur të veprohet para atyre organeve si dhe ta informoj për masat për mbrojtjen e pjesëmarrësit në procedurat penale.

Gjatë marrjes së raportimit në letër ai menjëherë protokollohet në regjistër të veçantë dhe i vihet vulë pranuese.

Regjistri i përmendur në paragrafin 2 të këtij neni plotësohet në përputhje me Udhëzimin për punë në zyrë dhe në arkiv ndërsa vula përdoret dhe ruhet në përputhje me rregullat për punë në arkiv dhe në zyrë.

Член 9

Доколку пријавата е доставена во електронска форма или по електронски пат, овластеното лице го печати записот со прилозите доколку ги има и записот го заведува како примена пријава.

Доколку пријавата се дава усно на записник, истиот треба да ги содржи податоците од член 6 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавен сектор и член 14 од Правилникот за заштитено надворешно пријавување.

Neni 9

Nëqoftëse raportimi është dorëzuar në formë elektronike ose rrugë elektronike personi i autorizuar e shtyp procesverbalin me bashkëngjitjet e tij nëqoftëse ka dhe procesverbalin e protokollon si raportim të marrë.

Nëqoftëse raportimi jepet me gojë në procesverbal ai duhet ti përmbaj të dhënat sipas nenit 6 të Rregullores për raportimin e mbrojtur të brendshëm në institucionet e sektorit publik dhe nenit 14 nga Rregullorja për mbrojtjen e raportimeve të jashtme .

Член 10

По приемот и заведување на пријавата, овластеното лице истата ја разгледува, ја проучува содржината и ја испитува дали е логична и дали претставува пријава од укажувач согласно Законот за заштита на укажувачи, како и дали пријавата содрши доволно елементи за да биде проследена на понатамошно постапување.

Во текот на проучувањето на содржината на пријавата, овластеното лице може да побара дополнителни информации од укажувачот доколку е познат, како и да се консултира со други лица, а при тоа да внимава на заштита на идентитетот на укажувачот.

Neni 10

Pas marrjes dhe protokollimit të raportimit personi i autorizuar e shikon atë e studion përmbajtjen dhe e shqyrton nëse është i logjikshëm dhe nëse përfaqëson raportim nga sinjalizues në përputhje me Ligjin për mbrojtjen e sinjalizuesve si dhe a përmban raportimi elemente të mjaftueshme që të shqyrtohet në procedurën e mëtejshme.

Gjatë studimit të përmbajtjes së raportimit personi i autorizuar mund të kërkoj informacione plotësuese nga sinjalizuesi nëqoftëse është i njojtur si dhe të konsultohet me persona të tjerë dhe më tej të ketë kujdes në mbrojtjen e identitetit të sinjalizuesit .

Член 11

По извршување на проценката, овластеното лице донесува заклучоци за понатамошно постапување по пријавата кои се однесуваат на надлежност на ЈП Водовод и канализација Скопје, за постапување по истата и за потребното превземање на мерки.

Neni 11

Mbas kryerjes së vlerësimit personi i autorizuar nxjerrë konkluzion për veprim të mëtejshëm sipas raportimit i cili është në kompetencë të NP Ujësjellës dhe kanalizime Shkup për veprim sipas tij dhe për marrjen e masave të duhura .

Për të dhënat në përmbajtjen e raportimit dhe

За наводите во содржината на пријавата и заклучоците за постапување по пријавата, овластеното лице без одлагање го известува Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје, освен кога ќе констатира дека наводите од содржината на пријавата непосредно или посредно се насочени против Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје, во кој случај пријавата ја проследува до надлежната институција согласно закон.

Член 12

Во случај кога по доставената пријава е надлежна да постапува друга институција, овластеното лице истата ја заведува и во рок од 8 дена ја доставува до надлежната институција, а за тоа истовремено го известува укажувачот доколку тој е познат. Доколку пријавата е доставена од овластено лице од друга институција, се известува тоа лице.

Член 13

Доколку овластеното лице констатира дека ЈП Водовод и канализација Скопје е надлежно да постапи по пријавата, превзема мерка во своја надлежност за понатамошно постапување и ја проследува пријавата до службеното лице во ЈП Водовод и канализација Скопје надлежно за постапување во областа на која се однесува пријавата.

Член 14

На барање на укажувачот, овластеното лице го известува за текот на дејствијата кои се превземаат во постапувањето по пријавата и му овозможува увид во списите на предметот.

За превземените мерки во врска со пријавата во надлежност на ЈП Водовод и канализација Скопје, овластеното лице без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата го известува укажувачот кој е познат и/или овластеното лице од друга институција кое ја доставило пријавата.

Член 15

Доколку е пријавено кривично дело против државата, против човечноста и меѓународното право, од областа на организираниот криминал за кое во Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку 4 години и чие докажување не може да се изврши без исказ на укажувачот кој поради закана, заплашување, опасност по живот, здравје и слобода или физички интегритет и имот во поголем обем не се согласува во својство на сведок да даде исказ, овластеното лице со прибавена писмена

konkluzionet për veprim sipas raportimit personi i autorizuar pa vonesë e informon Drejtorin e NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup vetëm nëqoftëse kontakton se të dhënat e përmbajtjes së raportimit drejtpërsëdrejti ose tërthorazi janë drejtuar kundër Drejtorit të NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup, rast në të cilin raportimi ndiqet deri tek institucioni kompetent në përputhje me Ligjin.

Neni 12

Në rastin kur pas raportimit të dorëzuar kompetent për të vepruar është institucion tjetër personi i autorizuar raportimin e protokollon brenda 8 ditësh e dorëzon tek institucioni përgjegjës dhe për të në të njëjtën kohë e informon sinjalizuesin nëqoftëse ai është ì njojtur. Nëqoftëse raportimi është dorëzuar nga personi i autorizuar nga institucion tjetër njoftohet ai person .

Neni 13

Nëqoftëse personi i autorizuar konstaton se NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup është kompetent të veproj pas raportimit merr masa në kompetencën e vet për veprimin e mëtejshëm dhe e ndjek raportimin tek personi zyrtar në NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup, person përgjegjës për ndjekjen në atë fushë për të cilën bën fjalë raportimi.

Neni 14

Me kërkesë të sinjalizuesit presoni autorizuar e informon për rrjedhën e veprimeve të cilat merren gjatë veprimeve sipas raportimit dhe i mundëson shikimin e përshkrimeve të çështjes.

Për masat e mara në lidhje me raportimin në kompetencë NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup, personi i autorizuar pa zvarritje dhe jo me vonë se 15 ditë nga dita e marrjes së raportimit e informon sinjalizuesin i cili është i njojtur ose personin e autorizuar të një institucioni tjetër i cili e dorëzoi raportimin .

Neni 15

Nëqoftëse është raportuar vepër penale kundër shtetit , kundër njerëzimit dhe të drejtave ndërkombëtare, në fushën e krimit të organizuar për të cilën në Kodin penal është parashikuar dënim me heqje lirie deri më 4 vjet dhe për vërtetimin e të cilës nuk mund të kryhet pa dëshminë e sinjalizuesit i cili për shkak të kërcënimit, kanosjes, rrezikut për jetën, shëndetit dhe lirisë ose integritetit fizik dhe pasurisë në një masë më të madhe nuk bie dakord në rolin e dëshmitarit të jap dëshmi atëherë personi i

согласност од укажувачи без одлагање доставува до Министерството за внатрешни работи или надлежен јавен обвинител иницијатива за доставување на писмено барање за поднесување на предлог за вклучување во програма за заштита согласно Законот за заштита на сведоци, а истовремено се известува и укажувачот ако е познат.

autorizuar me marrjen e pëlqimit me shkrim nga sinjalizuesi pa vonesë i paraqet Ministrisë së Punëve të Brendshme ose prokurorit kompetent një nismë për dorëzimin e një kërkesë me shkrim për paraqitjen e një propozimi për përfshirjen në programin e mbrojtjes në përputhje me Ligjin për mbrojtjen e dëshmitarëve dhe në të njëjtën kohë informohet edhe sinjalizuesi në qoftëse është i njojtur.

Член 16

Овластеното лице изготвува полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи и податоци за оформен предмет по примени пријави, начинот на кој се приемни, кратко наведени превземени дејствија, препратени барања до други институции и го доставува до Државната комисија за спречување на корупција за првото полугодие најдоцна до 31 јули во тековната година, за второто полугодие најдоцна до 31 јануари наредната година која следи на тековната година.

Neni 16

Personi i autorizuar përgatit raport gjashtëmujor për raportimet e marra nga sinjalizuesi dhe të dhëna për çështje të krijuar sipas raportimeve të marra, mënyra se si janë marrë, shkurtimisht theksohen veprimet e mara, kërkesa të ridërguara tek institucione të tjera dhe e dorëzon tek Komisioni shtetëror për parandalimin e korrupsionit për gjashtëmujorin e parë të vitit jo më vonë se 31 Korrik të vitit aktual për gjashtëmujorin e dytë jo më vonë se 31 Janar të viti pasardhës .

**Завршни одредби**

Член 17

Назначувањето на овластено/и лице/а, обезбедувањето на услови утврдени согласно Законот за заштита на укажувачи, Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавен сектор и Правилникот за заштитено надворешно пријавување, ќе се изврши во рок од 15 дена од денот на донесувањето на оваа процедура.

Член 18

Оваа процедура се објавува на огласната табла на ЈП Водовод и канализација Скопје и на веб страната на претпријатието.

**Dispozita përfundimtare**

Neni 17

Emërimi i personit të autorizuar, sigurimi i kushteve të përcaktuara në përputhje me Ligjin për Mbrojtjen e sinjalizuesve, Rregullores për raportim të brendshëm të mbrojtur në institucionet e sektorit publik dhe Rregullores për raportim të jashtëm të mbrojtur do të kryhet në një afat prej 15 ditësh nga dita e miratimit të kësaj procedure .

Neni 18

Kjo procedurë publikohet në tabelën informuese të NP Ujësjellës dhe Kanalizime Shkup dhe në faqen e internetit të ndërmarrjes.

УПРАВЕН ОДБОР
KËSHILLI DREJTUES
Претседател/Kryetar,
Идриз Орана/Idriz Orana